РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
СКОПЈЕ

| Примено: 15. 10. 2010 | | | |
| --- | --- | --- | --- |
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 07 | 3779/1 | | |

Архивски знак 0705
Рок на чување: ТРАЈНО
15.10.2010 год.

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Сл. весник на РМ" бр. 58/00 и 44/02) и член 31 од Законот за основно образование („Сл. весник на РМ" бр. 103/08, 33/10 Ии 116/10), министерот за образование и наука донесе наставна програма по предметот ***солфеж со елементарна теорија на музиката*** за III одделение на деветгодишното основно музичко образование.

АРХИВСКИ ПРИМЕРОК

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

НАСТАВНА ПРОГРАМА

# СОЛФЕЖ

## со елементарна теорија на музиката

ОСНОВНО МУЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ

ДЕВЕТГОДИШНО ОСНОВНО МУЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ

Скопје, 2010

## 1. ВОВЕД

Наставниот предмет солфеж со елементарна теорија на музиката е застапен во сите години на деветгодишното основно музичко образование. Со оглед на ваквата позиција на предметот и возраста на учениците целта на солфеж во деветгодишното основно музичко образование е да се овозможи комплексен музички развој: развој на музичките способности преку активно вклучување во музицирањето (пеење, свирење), продлабочување на базичните и стекнување на нови знаења од областа на музичката писменост, запознавање со различни сегменти на музичката култура преку слушање музика и посета на музичките приредби, пројавување на креативни способности. Со тоа, наставата по солфеж со елементарна теорија на музиката треба да придонесе за поттикнување желба кај учениците активно да се занимаваат со музиката и да биде во тесна поврзаност со свирењето инструмент. Во оваа завршна година на првиот образовен период на деветгодишното образование акцентот е ставен на темелното утврдување на обработените содржини и поими. Како и во претходните одделенија, наставните теми на предметот – Мелодиката и Ритмиката – се тесно поврзани меѓу себе и даваат широки можности за меѓусебно интегрирање. Наставата по солфеж со елементарна теорија на музиката треба да вклучува и активности базирани врз слушање музички дела, со цел да се развива музичката перцепција, да се доживуваат музичките изразни средства, карактер, ритам. Наставата се изведува во групи по 9 до 15 ученици.

- Фонд на часови: 2 часа неделно, 72 часа годишно.
- Статус на предметот: задолжителен.

## 2. ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ВО III ОДДЕЛЕНИЕ

Ученикот/ученичката:

- да применува култивирано пеење (умерено пеење, без гримаси, дигање на рамења и викање);
- да пее песни со разновидна ритмичко-мелодиска линија;
- да го проширува опсегот на гласот;
- да се оспособува за прецизно интонирање на тонска висина;
- да се оспособува за следење интонација од инструмент;
- да развива музичка меморија;
- да покажува интерес за слушање музика, посета на концерти и други приредби;
- да се пројавува навика за активно, внимателно слушање на музиката;
- да пројавува осет за музичка изразност;
- да пројавува осет за ритам;
- да пројавува умеење да следи ритам (со плескање, тактирање);
- да пројавува усогласеност со музиката во музичко - ритмичките активности;
- да развива ориентација во просторот;
- да свири на детски музички инструменти;
- да ги препознава, именува и запишува нотите од виолински клуч (сол мало – сол2) и бас клуч (од сол големо до до1);
- да може самостојно да испее мелодиско-ритмичка вежба по ноти;
- да се воведува во двогласното пеење;
- да се оспособува за пеење на лесни канони по ноти;
- да пројавува интерес за изведување на импровизации на кратки музички мотиви „прашање-одговор";
- да се поттикнува за сопствено музичко изразување.

## 3. КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ

| Наставен предмет: СОЛФЕЖ СО ЕЛЕМЕНТАРНА ТЕОРИЈА НА МУЗИКАТА | | | |
|---|---|---|---|
| Тема: МЕЛОДИКА | | | |
| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
| Ученикот/ученичката:<br>- да го збогатува искуството за музичката уметност;<br>- да развива музички слух;<br>- да развива пејачки глас;<br>- да применува елементи на правилна вокална;<br>интерпретација при пеење песни и вежби;<br>- да го проширува опсегот на гласот;<br>- да развива способност за прецизно интонирање на тоновите од скалите С-дур , Г-дур, а-мол и е-мол (природен, хармонски и мелодиски вид);<br>- да го сфаќа поимот скала;<br>-да го сфаќа поимот дурска скала;<br>- да го сфаќа поимот молска скала;<br>-да ги разликува визуелно и на слих дурска и молска скала;<br>- да ги разликува визуелно и на слух природниот, | -Мелодиски вежби во виолински и бас клуч во 2/4, 3/4 и 4/4 такт<br><br>-Проширување на тонскиот обем во виолински клуч од сол мало до сол2<br><br>Повторување на C-dur и a-moll (природен и хармонски вид)<br><br>-a-moll(мелодиски вид)<br><br>-Скали G-dur и e-moll (природен, хармонски и мелодиски вид)<br><br>-Повишувалка (диез), разрешувалка (бекар) снижувалка (бемол)<br><br>-Солфежирање мелодиски примери од народно творештво и музичка литература во | -Имињата на тоновите кои се во употреба<br><br>-Дурска скала<br><br>-Молска скала<br><br>-Природен вид<br><br>-Хармонски вид<br><br>-Мелодиски вид<br><br>-Повишувалка, снижувалка, разрешувалка | -Откривање на тонови (ноти) сол мало, фа2, сол2 во виолински клуч.<br><br>-Откривање на новиот вид на молската скала (а-молл - мелодиски вид).<br><br>Начинот на добивање мелодиски вид на молска скала (а-молл).<br><br>-Воочување на разликите меѓу трите видови на молската скала (а-молл) во запишувањето и на слух.<br><br>-Воочување на разликата, односно распоредот на целите и полустепените во Ц-дур и а-молл (природен, хармонски и мелодиски вид).<br><br>-Откривање на новата дурска скала (**Г-дур**), воочување од потребата на предзнакот фис.<br><br>-Откривање на скалата **е-молл** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| хармонскиот и мелодискиот вид на молската скала;<br>- да ги проширува знаењата на нотното писмо;<br>- да го применува бас-клучот;<br>- да ги развива умеењата за пеење по ноти;<br>-да се воведува во пеење двогласје по ноти;<br>- да ги разбира и применува знаците „прв пат"-„втор пат" (прима и секунда волта);<br>- да развива чувство за заедничко пеење и пеење во групи;<br>- да стекнува внатрешен музички слух. | С-дур, а-молл (природен, хармонски и мелодиски вид), G-dur и e-moll (природен, хармонски и мелодиски вид)<br><br>-Детски и народни песни и лесни канони во дурски и молски скали по слух<br><br>-Лесни канони по ноти<br><br>-Парлато читање во бас клуч (мала октава)<br><br>- Проширување на парлато читање во бас клуч надолу до сол големо<br><br>-Прва октава/втора октава/мала октава/ голема октава (информативно, преку ориентација на клавијатура)<br><br>-„Прв пат"/„втор пат" (прима и секунда волта) – утврдување | - Бас клуч<br><br>-Прва октава/втора октава/мала октава/голема октава<br><br>-„Прв пат"/„втор пат" | (природен, хармонски и мелодиски вид) по истата постапка, како а-молл.<br><br>-Повторување со бас клуч, и откривање на тонови (ноти) сол големо, ла големо, си големо.<br><br>-Утврдување на Ц-дур и а-молл (природен и хармонски вид), **Г-дур** и **е-молл** (природен, хармонски и мелодиски вид) преку мелодиски примери од народното творештво и музичка литература, како и преку детски, народни песни и канони.<br><br>-Користење на претходно научените песни и вежби кои во себе содржат прима и секунда волта, за воочување „прв пат"/„втор пат".<br><br>- Игри и квизови за утврдување на совладаните поими. |

| Наставен предмет: СОЛФЕЖ со елементарна теорија на музиката | | | |
|---|---|---|---|
| Тема: РИТМИКА | | | |
| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
| Ученикот/ученичката:<br>- да развива чувство за ритам;<br>- да развива способност за прецизно изведување на ритамот;<br>- да разликува дводелен и троделен метар;<br>-да развива умеење за рамномерно тактирање;<br>- ритмички да изговара бројалки, брзозборки и текстови од песничките;<br>- да ја доживува дводелната и четириделната поделба на мерната единица;<br>- да ја препознава и применува шеснаестина нота и пауза;<br>- да доживува синкопа во 4/4. 3/4 и 2/4 такт;<br>- да ја препознава синкопата во нотниот текст;<br>- да го препознава и сфаќа знакот за продолжување на нотна вредност – лак; | -Основна единица за броење: четвртина нота<br><br>-Тактови 2/4, 3/4 и 4/4<br><br>-Четириделна поделба  на мерната единица<br><br>-Шеснаестина нота и пауза<br><br>-Синкопа четвртина-половина-четвртина во 4/4 такт<br>-Синкопа осмина- | -Ритам<br><br>-Такт<br><br>-Нотни вредности<br>-Осмина нота<br>-Осмина пауза<br>-Шеснаестина нота<br>-Шеснаестина пауза<br>-Половина со точка нота<br>-Половина со точка пауза<br>-Синкопа<br>-Лак | -Потсетување на дводелниот и триделниот метар (2/4, 3/4, 4/4 такт) преку песничките и игрите.<br><br>-Повторување на дводелната поделба на мерната единица преку двосложни зборови.<br><br>-Повторување на осмина нота и пауза.<br><br>-Повторување на шеснаестина нота и пауза.<br><br>-Повторување на половина со точка нота и половина со точка пауза.<br><br>-Повторување на синкопа во 4/4 такт (четвртина-половина-четвртина), со знакот за продолжување на нотни вредности - лак.<br><br>-Повторување на синкопа во 2/4 такт (осмина-четвртина-осмина), со знакот за продолжување на нотни вредности – лак и запишување на двете осминки поврзани со лак како четвртина. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - да го применува ритмичкото читање (парлато) на нотниот текст во виолински и бас клуч;<br>- да следи мелодија со свирење на Орфови инструменти (ритмички). | четвртина-осмина во 4/4, 3/4 и 2/4 тактови<br><br>-Продолжување на нотна вредност со лак<br><br>-Ритмичко читање во виолински и бас клуч<br><br>-Устен ритмички диктат | | - Совладување на нотните вредности и паузи преку слики и апликации.<br><br>-Утврдување на новите ноти во виолински и бас клуч преку ритмичко читање-парлато во различни нотни вредности.<br><br>- Игри и квизови за утврдување на совладаните поими |

## 4. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

- Во оваа завршна година на првиот образовен период од големо значење е темелното повторување и утврдување на сите содржини, затоа наставникот треба да пројави креативност и инвентивност во обмислување на активностите на часовите и изнаоѓање на соодветниот музички материјал за солфежирање, пеење, слушање.
- Со оглед на возраста на учениците, часот по солфеж со елементарна теорија на музика треба да вклучува различни видови на музичката дејност.
- Содржините Мелодика и Ритмика се тесно заемно поврзани, затоа процесот на совладување на одредени проблеми посочени во една од темите често пати треба да се одвива преку интеграција со другата тема (на пример, совладувањето на ритмичките проблеми во примерите за солфежирање и свирење на ДМИ).
- Се препорачува слушање музика во изведба на наставникот (музички примери од различни стилови и жанрови) и снимена за воочување на нејзиниот карактер и изразните средства, како и за доживување и совладување на наставните содржини (метроритамот, мелодиски модели).
- Се препорачуваат музичко-ритмичките движења (плескања со рацете, тропкања со нозете, различни движења во простор) за доживување на римичките карактеристики на музиката.
- Се препорачува користење на ДМИ за следење на височините на тоновите, совладување на ритамот, координација на движењата на рацете, просторна ориентација.

- За полесно разбирање на знаците за промената на висината на тоновите да се употребуваат креди во боја, слики, апликации.
- За посликовито претставување на висината на тоновите и нивното попрецизно интонирање да се применува фономимијата.
- Како и во претходните години на деветгодишното основно музичко образование, наставната тема Диктат не е предвидена, но наставникот може да изведува активности од тип на лесен усен диктат базирани на меморирање и пеење со именување на тоновите (свирење на орфови инструменти) на кратки мелодиски, односно ритмички мотиви.
- Треба да се продолжат активностите сврзани со организацијата и следењето на едукативно-уметничките активности во текот на целата учебна година.

*Препораки за користење на годишниот фонд на часови*

мелодика 42 часа; Ритмика 30 часа

➢ **Наставни средства:**
- учебник по избор на наставникот, одобрен од страна на министерот;
- аудио-визуелни средства (ТВ, ДВД- плеер, видеоплеер, компјутер);
- детски музички инструменти;
- дидактички средства и материјали;
- разни извори на учење од непосредната околина (предмети во природата и околината);
- визуелни средства (слики, фотографии, апликации и сл.);
- Интернет, образовни софтвери.

## 5. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Во текот на наставата редовно се следат и вреднуваат постигањата на учениците, се прибираат показатели за нивните активности, мотивираноста за музичкото изразување, ангажираноста на учениците, посветеноста во работата, како и тимската работа (формативно оценување).

При следењето на постигањата на учениците, наставникот треба особено да внимава кон индивидуалниот пристап во постигањата на секое поединечно дете.

Во текот на наставата редовно се следи развојот на секој ученик. На крајот од годината се препорачува одржување на јавен час отворен за родителите и други наставници на кој учениците би имале можност да ги престават активностите застапени во текот на учебната година и своите постигања.

- Оценувањето е описно (со краток опис).

## 6. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Програмата во однос на просторните услови за реализација се темели на Нормативот за простор за основно музичко училиште и за наставните средства донесен од страна на министерот за образование и наука.

## 7. ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ

Ученикот/ученичката:

- да применува правилна вокална интерпретација,
- да го прошири опсегот на гласот;
- да пее точно песни со разновидна ритмичко-мелодиска линија;
- да се оспособи за прецизно интонирање на тонска висина;
- да се оспособи за следење интонација од инструмент;
- да пројавува музичка меморија;
- да пројавува чувство за тоналните функции;
- да пројавува чувство за ритам;
- да покажува разбирање на ритмичките елементи (четириделната поделба на мерна единица, синкопа и др.);
- да ги проширува знаењата за музичката теорија;
- да го разбира градењето на дурската скала;
- да го разбира градењето на молската скала (трите видови);
- да ги разликува на слух дурските и молските скали;
- да се поттикнува за двогласното пеење по ноти;
- да импровизира кратки музички мотиви („прашање-одговор");
- да ги применува ДМИ;
- да пројавува интерес за класичната музика;
- да покажува способност да се следи музиката и нејзините изразни елементи;
- да пројавува самодоверба во изведување на музичките активности;
- да соработува со врсниците;
- да покажува одговорност во тимското работење;
- да покажува разбирање за правилата на однесувањето во музичките активности на потесната и поширократа средина.

## 8. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

Воспитно-образовната работа во трето одделение може да ја изведува лице кое завршило:
А. факултет за музичка уметност – оддел за музичка теорија и педагогија
Б. факултет за музичка уметност – оддели за:
- композиција
- диригирање
- музикологија
- етномузикологија.

(Приоритет според горенаведениот редослед)

**Изготвил:** работна група формирана со решение бр. 02-1116/1 од 01.04.2010 година,
координатор Анкица Витанова, советник во Бирото за развој на образованието - Скопје

**Контролирал:** д-р Насе Кондовски, раководител на одделение во Бирото

**Одобрил:** м-р Митко Чешларов, раководител на сектор во Бирото.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
КАБИНЕТ НА МИНИСТЕРОТ
Бр. 07-647/20
15. 10. 2010 год.
СКОПЈЕ

## 9. ПОТПИС И ДАТУМ НА УТВРДУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма по предметот ***солфеж со елементарна теорија на музиката*** за III одделение на деветгодишното основно музичко образование на предлог на Бирото за развој на образованието, ја утврди:

на ден 15. 10. 2010
Скопје

**Министер**

**Никола Тодоров**